

# ШТО Е ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

**РАЗМИСЛУВАЈ ПРАВИЛНО, ИНФОРМИРАЈ СЕ НАВРЕМЕНО!**

www.lastrada.com.mk

La Strada

INTERNATIONAL

СЕКОЈ ОДЛУЧУВА КАКО ЌЕ ЖИВЕЕ , КАДЕ ЌЕ ПАТУВА И ШТО ЌЕ РАБСТИ,
но, пред било која одлука да ја донесете, треба добро да се инфориирате !!!!

Јавете се и информирајте се на СОС
за помош и информација од трговија со луѓе

# 0800 11111

(бесплатна телефонска линија)

Направете го тоа за себе, и за своите најмили!

La Strada INTERNATIONAL

# ШТО ПРЕТСТАВУВА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

Трговијата со луѓе е:
1 КРИВИЧНО ДЕЛО
2 НАЈСУРОВО КРШЕЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Трговијата со луѓе е експлоатација:

- СЕКСУАЛНО ИСКОРИСТУВАЊЕ
- ПРИСИЛНА РАБОТА
- ЛАЖНО ПОСВОЈУВАЊЕ
- ПРИСИЛНИ И ЛАЖНИ БРАКОВИ
- ПРИСИЛА НА ПРАВЕЊЕ КРИМИНАЛНИ ДЕЛА како питачење, крадење...
- ВАДЕЊЕ НА ОРГАНИ

Трговијата со луѓе опфаќа:

- ВРБУВАЊЕ
- ИЗМАМА
- ПРЕВОЗ
- ПРЕНОС
- ПРИФАЌАЊЕ
- ЗАСОЛНУВАЊЕ
- КРИЕЊЕ

При што се користи

- СИЛА
- ЗАКАНА
- ЗАПЛАШУВАЊЕ
- ПРИНУДА
- КИДНАПИРАЊЕ...

И сето ова со една, единствена цел
експлоатација на човечкиот труд и човечкото тело

# ДАЛИ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ПОСТОИ И КАЈ НАС

Трговијата со луѓе претставува сериозен меѓународен проблем и за жал постои и кај нас. Република Македонија не е само транзит-земја низ која поминуваат жртвите на трговија со луѓе. и земја на дестинација во која што пристигнуваат и престојуваат жртвите, туку и земја на потекло.

Ако трговијата со луѓе се случува надвор од границите на една држава тогаш таа претставува транс-национална трговија со луѓе, но доколку се случува во рамките на границите на една држава, тогаш таа претставува внатрешна трговија со луЃе.

Не е задолжително да заминете во странство поради работа, студирање, туризам за да станете жртва на трговија со луѓе. Жртва на трговија со луѓе може да станете и во својата држава!

# КОЈ СЕ МОЖЕ
# ДА БИДЕ ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Трговијата со луѓе постои насекаде околу нас и секој може да стане жртва, па и ТИ!**

Може да и се случи на мојата најдобра другарка или другар, на момчето што го запознав минатата недела во диско, на другарката од основно училиште која седеше во прва клупа и сите и беа петки, на соседот кој минатата година заврши факултет, на родничата што замина на работа во странство.

**Жртва може да биде секој,**

маж, жена, дете, независно на нивната возраст, образование, верска припадност. Жртвите се луѓе кои индивидуално или колективно претрпеле физички или психички повреди, емотивно патење, економско оштетување или константно трпат прекршување на основните човекови права.



**ЗАКОНИ И КАЗНИ!**

Трговијата со луѓе во Р. Македонија е казнива со закон.

**Член 418-а**
Трговија со луѓе

**Член 418-б**
Криумчарење на мигранти

**Член 418-в**
Организирање на група и поттикнување на извршување на делата: Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

**Член 418-г**
Трговија со деца

**www.pravo.org**



## Сона 17 год, Штип

Го запознав Милан преку интернет. Тој живееше во Скопје и беше се за што сонува секоја девојка. Вработен, амбициозен, згоден и љубезен. Имавме многу заеднички работи за кои што можевме да разговараме преку интернет, па што следуваше и нашата прва средба во Штип за подобро да се запознаеме. Беше љубов на прв поглед. Од тогаш во следните неколку месеци за време на викендите бев на релација Штип - Скопје - Штип. На мојата среќа и немаше крај, бидејќи ова беше можност која ретко се укажува и на која сите мои другарки ми завидуваа. Морав јас почесто да патувам во Скопје, затоа што Милан мораше да оди на работа. Бев млада, заљубена, наивна и така се помалку одев на училиште за се почесто да бидам со Милан. На почетокот Милан беше љубезен и добар со мене, но по некое време почна да станува малку напнат и нервозен... Го прашував што се случува, а тој ми рече дека има финансиски проблеми и дека им должи пари на многу луѓе... Несакав да го гледам нервозен и бев во состојба да сторам се за него, па му реков дека би била среќна ако можам некако да му помогнам. По неколку дена тој ми рече дека животот му е во опасност ако не врати извесен дел пари... Во истиот момент ме замоли да појдам со некои мажи и да ја поминам вечерта со нив за тој да ги врати своите долгови.

Ми рече дека се што треба да сторам е да бидам весела и насмеана...Прифатив не размислувајќи ни за миг. Се сретнав со луѓето, кои веднаш ме понудија со алкохол, а потоа и да ме дрогираат.. А јас морав да бидам весела и насмеана за да му помогнам на Милан. Таа вечер бев тепана, малтретирана и мачена затоа што морав да се согласам на сексуални услуги... По таа вечер следеа уште многу други такви вечери зошто долговите на Милан се повеќе растеа, а со нив и моите кошмари.. Престанав да верувам во љубовта на Милан и го преколнував да престане да ме продава на други мажи и да ме ослободи. Тогаш тој почна да ми се заканува со видео -клиповите од неговиот телефон, на кој ме имаше снимано мене со многу други мажи.. Ми рече дека ќе ги покаже на моите родители, на моите соученици и на сите познаници во Штип. Бев уплашена и засрамена, што ќе помислат моите родители и другарки за мене. Го проколнував денот кога го сретнав Милан и се каев што не послушав ничии совети, ниту пак солзите и молбите на мајка ми да внимавам што правам. Ме обзеде страв, ужас, болка?.Три месеци бев заклучена, мачена, тепана, силувана!Освен со клиентите немав контакт со надворешниот свет. Ме пронајде полицијата кога Милан беше уапсен поради организирање трговија со жени и подведување, а јас бев спасена. За сето време размислував уште на колку ли само девојки им се имаше случено истото, уште колку ли само девојки ја доживеале мојата судбина. На колку ли девојки Милан им изгледаше како пристојно и скромно момче, зад кое се криел вистински криминалец?



# КОИ СЕ ТРГОВЦИТЕ?

## Трговците може да се кријат позади некои бизниси како:

- Сомнителни агенции и лажни огласи кои нудат работа за чување деца, домашни помошнички, келнерки, манекенки, секретарки, болничарки, деловни придружнички
- Агенции за модели
- Агенции за склопување брак и познанства
- Агенции за работа во хотели, ресторани, барови
- Агенции за работа на брод, градежни работи
- Туристички агенции
- Интернет агенции

Но трговците можат да бидат и индивидуалци и тоа твои познаници, пријатели, роднини...



# ШТО ПРАВАТ ТРГОВЦИТЕ?

- Користат измама или лажни ветувања
- Те продаваат и купуваат како "стока"
- Со насилство те принудуваат на работа
- Не ти плаќаат за изработеното
- Ти се закануваат дека ќе му наштетат на твоето семејство

**Со еден збор, ти ги ПРЕКРШУВААТ твоите права!**

## КОИ ЧОВЕЧКИ ПРАВА СЕ ПРЕКРШУВААТ?

Право на живот
Слобода
Работа
Образование
Достоинство
Сигурност
Еднаквост
Здравје

Жртвите на трговија со луѓе претрпеле психичко и физичко насилство, биле искористени и измамени. Затоа ТИ не треба да ги осудуваш, туку да ги прифатиш, поддржиш, да им помогнеш и да ги охрабриш да го пријават својот случај во полиција.
Жртвите на трговија со луѓе поминале низ пекол не по сопствена вина, туку по вина на трговците!

www.unicef.org

# ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВАМ?

- Да ја проверам легитимноста на агенцијата преку која сакам да се вработам
- Да ги избегнувам огласите за работа кои се потпишани само со име или мобилен телефон
- Да не прифаќам работа ако се сомневам во веродостојноста на договорот
- Пред да потпишам договор за работа да се советувам со правно лице или НВО
- Деталите за работата да бидат наведени на писмен договор
- Да внимавам на времетраењето на договорот и последиците од неговото прекинување
- Да ги известам родителите, старателите или пријателите за моите планови
- Да се јавам на СОС линијата на Отворена Порта за повеќе информации!

**0800 11111**

# И ШТО УШТЕ?

- Да дознаам повеќе за проблемот и ќе ги надминам своите предрасуди дека "тоа им се случува на другите", "мене тоа никогаш не може да ми се случи", "тоа постои само на Запад", "на тој што му се случило е глупав и необразован, "сами си го барале"
- Да зборувам гласно за овој проблем со своите пријатели
- Да ги упатам другарите и пријателите од моето опкружување, за повеќе информации за проблемот на трговија со луѓе.

## Договорот за работа:

**1. Нема да потпишам договор за работа доколку ја содржи следнава формулација:**
**"ќе ја чуваме целокупната заработка се до истекот на Договорот за работа"**

## Пред пат:

- Ќе научам барем неколку основни фрази на јазикот во земјата во која ќе патувам
- Ќе се обезбедам со мапа на градот како и со адреси за контакт и поважни телефони
- Ќе имам мала заштеда, за во случај на неволја.

## На пат:

- Освен на граничните служби, на никој друг нема да му ги давам пасошот и визата
- Во текот на патувањето ќе внимавам на патот и граничните премини
- Ако патувам во група ќе ги запознаам моите сопатници
- Кога ќе пристигнам во земјата во која ќе работам, ќе го пријавам мојот престој во полиција и конзулатот или амбасадата на мојата држава
- Ќе оставам копија од пасош на моите најблиски, две нови фотографии како и број на телефон и адреса каде ќе работам и живеам



## Во странство:

- Редовно ќе контактирам со моите пријатели и родители
- Во случај на неволја ќе имам договорено реченица со барем една личност која ќе ја предупредам дека ми е потребна помош.

# ВО РАМКИТЕ НА МОЈАТА ДРЖАВА

> Секогаш ќе ги информирам родителите или старателите за моите планови и намери

> Ќе го пријавам мојот престој во локалната полиција на градот во кој ќе претстојувам

> Ќе оставам адреса и телефонски број од местото на престој и податоци од работодавецот или име и адреса на лицето кое ми помогнало во наоѓање на работата

> Секогаш ќе носам корисни телефонски броеви од полиција, брза помош и СОС за помош од трговија со луѓе.

La Strada

INTERNATIONAL


La Strada
INTERNATIONAL
www.lastrada.com.mk